european roma rights centre

Madách tér 4
Hungary – 1074 Budapest
Office Tel: +36 1 413 2200
Office Fax: +36 1 413 2201
E-mail: office@errc.org
www.errc.org

# Слободата на движење на Ромите во Македонија

Овие податоци ги нагласуваат наодите на работата на Европскиот центар за правата на Ромите,  работејќи на терен со индивидуални случаи во период од 2011-2013, на една од приоритетните теми на ЕЦПР(ERRC): Слободата на движење.

Слободата на движење, особено правото да се  напушти својата земја на националност, е признато  човеково право од страна на најважните меѓународни тела за човекови права и конвенции, вклучувајќи ја Универзалната декларација за човекови права, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права како  и Европската конвенција за човекови права. Меѓународните правни стандарди се обврзувачки за Македонија, со истите  при остварување на ова право се забранува било каква форма на дискриминација, вклучувајќи расна дискриминација, било директна или индиректна.

Освен меѓународните договори, ова право е инкорпорирано и во домашните регулативи на Република Македонија, вклучувајќи го највисокиот правен акт- Уставот на Република Македонија.

Безразлика на тоа, случаите кои што ЕЦПР(ERRC) ги документираше, укажуваат на фактот дека Ромите во Македонија честопати се лишени од ова право. Особено, тие се предмет на дискриминаторски практики и несоодветен третман од страна на граничните службеници кога се обидуваат да ја напуштат земјата.

Како резултат на истите прекршувања, ЕЦПР(ERRC) поднесе иницијатива пред Уставен Суд за оценување на уставноста на новите измени на Законот за патни исправи  на државјаните на Република Македонија, кои сметаме дека се во колизија со Уставот на Република Македонија.

Имено, член 37 став 1 точка 6 од истоимениот закон, предвидува основи за одбивање на поднесено барање за издавање на пасош како и основи за одземање на пасош, кои не се во согласност со член 27 став 2 од Уставот кој го гарантира правото на секој граѓанин да ја напишти Републиката, освен во таксативно наведени случаи т.е. кога тоа е потребно заради заштита на безбедноста на Републиката, водење на кривична постапка или заштита на здравјето на луѓето( Член 27 став 3 од Уставот).

Ограничувањата од Членот 37 став 1 точка 6 од Законот не се совпаѓаат со таксативно предвидените исклучоци во рамки на Уставот. Поради горенаведеното, сметаме дека членот 37 став 1 точка 6 е противуставен.

## НАОДИ

Во период од 2011 до 2013, ЕЦПР(ERRC) документираше 74 случаи од Роми индивидуалци на кои не им бил дозволен излез од земјата како и 24 случаи на кои им бил одземен пасошот од страна на македонските гранични службаници. Дополнително, ЕЦПР(ERRC) работејќи на терен беше информиран за дополнителни 50 случаи.

На 60% од Ромите кои биле вратени од граница, од страна на граничните службеници им било кажано дека им е наредно да ги враќаат. Очигледно им е наредено да делуваат на основ на етничка припадност.

90% од случаите кои се документирани од страна на ЕЦПР(ERRC) укажуваат на тоа дека само од Ромите им било побарано докази за оправдување на нивното патување(во случаи кога Роми и не-Роми патувале заедно).

На 30% од Ромите експлицитно им било кажано дека неможат да ја поминат границата поради нивната етничка припадност т.е. неможат само поради фактот што се Роми.

10% од оние што се засегнати биле одбиени поради неисполнување на законските услови(барања кои ЕЦПР(ERRC) смета дека се незаконски).

*“Граничниот службеник експлицитно ми има кажано дека му е наредено да не ги пушта Ромите да ја поминат границата. Се разбира, ми ставија две линии на мојот пасош, со кои не би можел да ја поминам границата во следните 24 часа.”*

-Клиент на ЕЦПР(ERRC).

Исто така, според последните расположливи податоци, од крајот на 2009 година до ноември 2012 година, на околу 7.000 македонски државјани, главно Роми, не им било дозволено да ја напуштат земјата и им се одземени патните исправи.[1]

Комесарот за човекови права на Советот на Европа смета дека мерките што ги донеле македонските власти како одговор на барањата на ЕУ за управување со миграцискиот одлив се во колизија со слободата за напуштање на земјата, вклучително и на сопствената земја, онака како што се гарантира со член 2 од Протоколот 4 кон Европската конвенција за човекови права.[2]

[1] Комесарот за човекови права на Советот на Европа, Извештај од посетата на Република Македонија во периодот од 26 до 29 ноември 2012 год; стр. 26.
[2] *Ibid.*

**ПРЕПОРАКИ**

Европскиот центар за правата на Ромите ги повикува властите од Владата на Република Македонија да дејствуваат на следните препораки:

1. Ромите да бидат во можност да ги остваруваат основните човекови права и слободи загарантирани со домашните и меѓународните регулативи;

2. Да ги подржуваат агрументите дека Уставниот суд треба да го поништи членот 37 став 1 точка 6 од Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија, затоа што се коси со меѓународните и домашните прописи , вклучувајќи го и највисокиот правен акт во земјата, Уставот на Република Македонија;

3. Ромите да не бидат повеќе профилирани и дискриминирани кога се обидуваат да ја напуштат земјата;

4. Да ги изведат пред лицето на правдата граничните службеници и другите чинители одговорни за дискриминацијата кон Ромите при пристап до правото на слобода на движење, за прекршување на домашните и меѓународните регулативи;

5. Разгледување и изменување на регулативи со кои ќе им се овозможи на Ромите подеднакво уживање на правото на слобода на движење со не-ромите во Македонија;

6. Поништување на сите траги иницирани со незаконското профилирање и дискриминација на границите. Да се обезбедат нови пасоши без надомест на оние кои беа погодени со оваа практика.

Контакт:
Sinan Gokçen,
Media and Communications Officer,
sinan.gokcen@errc.org,
+36.30.500.1324